Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр.58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година, министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници кои наставата ја следат на албански и турски јазик за VII одделение на деветгодишното основно училиште.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## кои наставата ја следат на албански и турски јазик

**за VII одделение**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик за учениците од другите заедници кои наставата ја следат на албански и турски јазик |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Одделение** | VII |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 3/108 |
| **Цели на наставната програма** | Учениците:<br>- да се стекнат со нов лексички фонд за рецептивно и продуктивно служење со јазикот, согласно развојниот период на учениците;<br>-да се развиваат способностите за слушање и за разбирање јазични искази (за обврските, за задолженијата, училишниот живот, распоредот и наставните предмети, непосредната околина и природата, патувањата, возните редови, музиката, филмот, спортот)<br>-да се развиваат способностите за усно изразување, односно да репродуцираат и продуцираат јазични искази во согласност со новите зборови на различни теми и со примена на јазичните функции и граматичките структури;<br>-да се оспособат да читаат куси текстови, да поставуваат прашања за нив и да одговараат на прашања за текстот;<br>-да се оспособат да пишуваат куси текстови почитувајќи ги правописните правила;<br>-да се воведат во некои елементи од културата и традицијата на македонскиот народ, во согласност со нивната возраст (развојниот период).. |
| **Компоненти на наставната програма** | Граматички содржини<br>Тематско - комуникациски целини и единици<br>Слушање<br>Зборување<br>Читање со разбирање и пишување |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите по предметот македонски јазик и литература потребно е да се обезбедат наставни средства, во кабинет или училница, бибиотечен книжен фонд, пристап до интернет, компјутерска опрема, ЛЦД проектор. За успешна и целосна реализација на наставната програма потребно е да се организираат и активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и научни институции) каде учениците ќе посетуваат настани, манифестации и фестивали: книжевни, театарски и филмски. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, со македонски јазик друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |
| **ГРАМАТИЧКИ СОДРЖИНИ** | **Фонетика**<br>Поделба на гласовите во македонскиот гласовен систем (самогласки и согласки); самогласно р<br>Акцентот на сложените зборови во македонскиот стандарден јазик<br>**Морфологија**<br>Именки<br>Граматички категории кај именките - определеност<br>Видови множина кај именките<br>Заменки<br>Граматички категории кај заменките-род, број и лице (род, број и лице кај лични, лично-предметни и показни заменки)<br>Придавки<br>Видови придавки-бројни придавки и заменски присвојни придавки<br>Граматичка категорија определеност кај придавките |

| | |
|---|---|
| | Глаголи<br>Граматичка категорија вид кај глаголите: свршени и несвршени глаголи<br>Сегашно време (Презент) значење и употреба на сегашното време<br>Идно време – значење и употреба<br>Минато определено несвршено време (Имперфект) –образување и употреба<br>Минато определено свршено време (Аорист) –образување и употреба<br><br>**Синтакса**<br>Граматичка структура на реченицата- основен член на реченицата прирок -видови прирок (глаголски и глаголско-именски)<br>– Неопходни реченични членови: предмет и прилошки определби<br>Видови реченици според состав: проста и сложена<br><br>**Правопис**<br>Пишување со голема почетна буква на првиот збор (институции, објекти, административни единици)<br>Пишување со голема буква на заменски форми и титули без име во писмено обраќање<br>Пишување на албански и турски имиња со македонска транскрипција<br>Обележување на директен и индиректен говор |
| **ТЕМАТСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ЦЕЛИНИ** | **Јас и другите –**обврски и задолженија; изразување радост и тага;<br><br>**Моето семејство -** слободно време: работно време; вербализации на ситуации од секојдневниот семеен живот; оброци и прибор за јадење;<br><br>**Природата околу мене –**растителен и животински свет;<br><br>**Училиштен живот-** наставни предмети, распоред на часови, слободни активности, омилени спортови;<br><br>**Град/село -**општина, театар, музеј, фабрика, трговски центар, продавници;<br><br>**Култура и историја-**знаменитости во РСМ и природни убавини.<br><br>**Патувања и занимливости-**аеродром, воз, меѓуградски автобус, возен ред; музика, театар, филм. |

| | |
|---|---|
| **1.** | **Слушање** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| . | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>-да го разбира значењето на зборовите и на куси искази и надијалози што ги слуша;<br><br>-го објасни значењето на зборовите што ги слуша;<br><br>-ја определува намената на текстот кој го слуша<br><br><br><br>-препознава и разликува правилно акцентирани сложени зборови; | **Содржини и поими**<br><br>Јас и другите –обврски и задолженија; изразување радост и тага;<br>Моето семејство,слободно време: работно време; вербализации на ситуации од секојдневниот семеен живот; оброци и прибор за јадење;<br>Природата околу мене –растителен и животински свет;<br>Училиштен живот- наставни предмети, распоред на часови, слободни активности, омилени спортови;<br>Град/село -општина, театар, музеј, фабрика, трговски центар, продавници;<br>Култура и историја-знаменитости во РМ и природни убавини.<br>Патувања и занимливости-аеродром, воз, меѓуградски автобус, возен ред; музика, театар, филм.<br><br>Акцент<br>Акцентот на сложените зборови во македонскиот стандарден јазик | **Активности и методи**<br><br>Игра: погодување значења на слушнати зборови според уредени правила за погодување;<br>Игра: точно/погрешно за слушнатите зборови или нивната коректна употреба во исказ;<br>Слушање искази и препознавање на нивната вистинитост и нивната граматичка коректност.<br>Вежби со повеќечлен избор на одговори.<br>Слушање текстови со правилен зборовен акцент и правилна реченична интонација. Слушање текстови заситени со сложени зборови правилно акцентирани.<br>Учениците слушаат текст во кој се испуштаат некои зборови со кои реченицата е непотполна, се дискутира за пополнувањето.<br>Вежби со текстови преку кои ученикот ќе разликува искази во кои дејството е искажано во сегашно време односно во минато определено време: свршено и несвршено или пак во идно време. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>- препознава и реагира (вербално и невербално ) на насоки од наставникот;<br><br>-го објаснува и коментира значењето на зборовите од различните комуникациски целини;<br><br><br><br>- да го препознава и да го разликува акцентот на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -да ја препознава и да ја разликува граматичката категорија определеност кај именките;<br>-препознава различни видови множина кај именките; | Граматички категории  кај именките – определеност;<br>Видови множина | Слушање текстови во кои се употребени различните видови множина кај именките. | сложените зборови во македонскиот јазик;<br><br>-посочува и дава примери за реченици со сложени зборови кои ги акцентира; |
| | -препознава и разликува по лице, род и број  лични заменки, форми од личните заменки и показни заменки во слушнат текст; | Заменки<br>Граматички категории кај заменките- лице, род и број (лични и показни заменки) | Слушање дијалози во кои се употребени лични заменки, показни заменки и лично-предметни заменки со прашања и одговори, вежби со поврзување на прашањата и одговорите. | -препознава и разликува искази во кои именките се во определена форма (членувани);<br>-разликува обична и избројана множина; |
| | -препознава и разликува бројни придавки и заменски присвојни придавки;<br>-разликува придавки во кои е употребена категоријата определеност; | Придавки<br>Видови придавки-бројни придавки и заменски присвојни придавки<br>Граматичка категорија определеност кај придавките | Илустрации или видео записи како поттик и мотивација за опишување при што фокус се придавките и правилната употреба во пишан или вербален исказ/реченица во сите граматички категории на придавката сопоставени со именката. | -ги разликува заменките по лице и род;<br>-ги разликува именките по број; |
| | -да определува глаголски форми кои означуваат сегашно време (значење на минатост и идност);<br>-да ги препознава и да ги разликува формите на искажаните свршени или | Глаголи<br>Граматичка категорија вид кај глаголите<br>Сегашно време (Презент) значење и употреба<br>Идно време (Футур) значење и употреба<br>Минато определено несвршено време (Имперфект) –образување и употреба | | -препознава бројни придавки и заменски присвојни придавки;<br>-разликува членувана и нечленувана придавка; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | несвршени дејства во минато определено време; | Минато определено свршено време (Аорист) –образување и употреба | | -означува глаголи во сегашно време;<br>-препознава форми од сегашно време со друго значење;<br>-препознава глаголски форми со кои се искажува идно време;<br>-препознава и споредува сегашно време со минато определено време свршено време и со минато определено несвршено време; |
| | -разбира кој е вршителот на дејството, а кој е трпител на дејството во реченицата/исказот;<br>-разликува исказ со глаголски односно глаголско-именски прирок;<br>-препознава исказ изразен со проста и со сложена реченица; | Синтакса<br>Граматичка структура на реченицата – основен член на реченицата – прирок - видови прирок (глаголски и глаголско-именски прирок;<br>Неопходни реченични членови: предмет и прилошки определби<br>Видови реченици според состав: проста и сложена | Вежби со реченични членови, слушање текст со сите реченични членови и нивно разликување, соодветно одговарање на слушнатите искази и прашања. | |
| | -препознава и разбира текстови со различна содржина. | Текстови од македонски автори во согласност со возраста на учениците и предвидените тематско – комуникациски целини и единици | **Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен); метод на демонстративност; текст-метод. | -препознава искази во кои е употребен глаголски односно глаголско-именски прирок;<br>-препознава околности во кои се врши глаголското дејство; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | -го препознава предметот во слушнат исказ;<br>-разликува проста од сложена реченица;<br><br><br>-ја разбира содржината од слушнат текст;<br>-ги идентификува ликовите и настаните од слушнат текст. |

| 2. | Зборување | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-ги репродуцира, продуцира и правилно ги употребува во говорни и пишани комуникациски ситуации зборовите поврзани со избраните теми;<br><br>-правилно да ги употребува во куси дијалози и разговори зборовите и фразите од соодветната тематско-комуникациска целина; | **Содржини и поими**<br><br>Јас и другите –обврски и задолженија; изразување радост и тага<br><br>Моето семејствослободно време: работно време; вербализации на ситуации од секојдневниот семеен живот; оброци и прибор за јадење<br><br>Природата околу мене –растителен и животински свет<br><br>Училиштен живот- наставни предмети, распоред на часови, слободни активности, омилени спортови<br><br>Град/село -општина, театар, музеј, фабрика, трговски центар, продавници<br><br>Култура и историја-знаменитости во РМ и природни убавини<br><br>Патувања и занимливости-аеродром, воз, меѓуградски автобус, возен ред<br><br>Музика, театар, филм.<br><br>Поделба на гласовите во македонскиот гласовен систем (самогласки и согласки); самогласно р | **Активности и методи**<br>Дијалози на тема:<br>*Обврски и задолженија;*<br>*Омилени оброци;*<br>*Слободно време*<br>*Омилен спорт*<br>*Музика и музички изведувачи*<br>*Најубав филм*<br>*Временска прогноза*<br>Играње улоги-возрасни и деца-работно време.<br>Симулација-Во најблискиот трговски центар.<br>Изработка на возни редови на автобуски линии, ареодром и летови, играње улоги со нив.<br>Говорни вежби за повторување зборови, куси искази и реченици.<br>Вежби за водење кус разговор, дијалог,игри,говорни симулации според темите, со нагласување на специфичната лексика од сите зборовни групи и изучени граматички форми.<br><br>Вежби за препознавање на самогласки и согласки.<br>Вежби за слоготворната улога на самогласките. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-правилно изговара нови зборови и ги употребува во соодветни јазични контексти;<br>- поттикнува или се вклучува во кус дијалог или во разговор поврзан со секоја од тематско-комуникациските целини; |

| 2. | Зборување | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -разликува самогласки од согласки;<br><br>-да го препознава акцентот кај сложените зборови правилно акцентирајќи ги овие зборови од македонскиот јазик;<br><br>- да ги препознава и да ги репродуцира определените именки;<br><br>-употребува правилна множинска форма од именките;<br><br>- ги препознава и да ги разликува во разговор личните заменки, показните заменки и лично-предметните заменки во соодветен род, број и лице; | Акцентот на сложените зборови во македонскиот стандарден јазик<br><br>Граматичка категорија кај именките определеност<br><br>Видови множина<br><br>Заменки<br>Род, број и лице кај личните заменки<br>Род, број и лице кај лично-предметните заменки<br>Род, број и лице кај показните заменки<br><br>Придавки<br>Видови придавки-бројни придавки и заменски присвојни придавки | Вежби за правилно акцентирање на сложените зборови од македонскиот јазик;<br><br>Вежби за правилна употреба на определените именки во реченица/исказ.<br>Вежби од типот препознај ја грешката и поправи ја: верна куче, мрзливо мачиња, убави коњ, вреден пчела и сл.<br>Наставникот со помош на илустрации на кои има можност за споредување на предмети и лица, ги насочува учениците да прават искази кои понатаму се трансформираат во различни видови множина.<br><br>Вежби со прашања и одговори во кои се употребени сите видови заменки и нивните граматички категории.<br>Вежби со поврзување на прашања и одговори според граматичките категории, вежби за пополнување со соодветна заменка. | - да ги изговара правилно самогласките и согласките од гласовниот систем на македонскиот јазик;<br>-препознава и правилно го употребува самогласното р;<br><br>-правилно да ги изговара и акцентира сложените зборови<br><br>-наведува примери за различни видови именки употребувајќи ги коректно граматичките категории род, број и определеност;<br>-посочува примери со определени и неопределени именки;<br>-разликува и потребува различни видови множина;<br>- составува реченици и учествува во дијалог и во разговор, употребувајќи правилни граматички форми од именките; |

| 2. | Зборување | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - препознава и да разликува различни видови придавки<br>- ја воочува употребата на придавките во врска со именките и нивното граматичко согласување по категоријата определеност;<br><br>- ги разбира исказите во кои се употребени глаголските форми за сегашно, идно и за минато определено време свршено и несвршено употребувајќи ги во свои куси искажувања;<br><br>-правилно ги употребува основните и неопходните реченични членови во | Граматичка категорија определеност кај придавките<br><br>Глаголи<br>Граматичка категорија вид кај глаголите<br>Сегашно време (Презент) значење и употреба<br>Идно време (Футур) значење и употреба<br>Минато определено несвршено време (Имперфект) –образување и употреба<br>Минато определено свршено време (Аорист) –образување и употреба<br><br>Синтакса<br>Граматичка структура на реченицата – основен член на реченицата – прирок - | Вежби за придавки преку квиз натпревар: на зададена именка се додаваат придавки при што се внимава на усогласеноста по категоријата определеност.<br><br>Вежби за разговор на одредени теми, дијалози и самостојно изработени примери за дијалози во кои се увежбува користењето на сегашното време, идното и минатото определено време.<br>Вежби за повторување на изучените содржини за глаголи.<br>Трансформација на глаголи од едно во друго време.<br>Вежби за менување на глаголи по време, лице и број.<br>Вежби за воочување на глаголи во даден текст и определување на глаголското време во кое е изразено дејството.<br>Вежби за посочување на глаголски и глаголско-именски прироци.<br>Вежби за формирање реченици со различни видови прирок.<br><br>Ученикот рецитира и игра јазични игри; учествува во дијалози и кратки драматизации; љубезно ги | -разликува форми од лични заменки според лице, род и број;<br>-конструира примери со лични, показни и лично-предметни заменки;<br><br>- користи придавки при опишување  личности, ликови, појави, предмети, омилен спорт, омилен оброк итн.<br>- правилно да ги користи придавките во состав со именка во однос на граматичкото согласување по род и број и определеност;<br><br>- определува несвршени и свршени глаголи;<br>- споредува искази со сегашно, со идно и  со минато определено  време;<br>- посочува примери за глаголски форми за сегашно, за идно и за минато определено време; |

| 2. | Зборување | | | |
|---|---|---|---|---|
| | простата и сложената реченица<br><br>- ја разбере и кусо да ја коментира содржината на слушнат или прочитан текст;<br>- да препознае дали во текстот се зборува за лице, предмет, место, настан итн.<br>- да разликува дали во текстот се зборува за настан од сегашноста, од иднината или од минатото; | видови прирок (глаголски и глаголско-именски прирок;<br>Неопходни реченични членови: предмет и прилошки определби<br>Видови реченици според состав: проста и сложена<br><br>**Текстови од македонски автори соодветни на возраста на учениците и на предвидените тематско–комуникациски целини и единици** | формулира своите барања; опишува, споредува; селектира зборови во зависност со кого комуницира.<br><br>Вежби за раскажување во прво и во трето лице.<br><br>Вежби во прераскажување слушнат текст, прочитана книга или гледан филм.<br><br>Разговорни вежби за опишување на училница, училиште, соученици и др.<br><br>Вежби за гласно читање различен вид текстови од различни функционални стилови.<br><br>**Методи:** интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на компарација. | - правилно да ги употребува глаголските форми за сегашно, за идно и за минато определено време при зборувањето;<br><br>-ги разликува различните видови прирок;<br>-соодветно ги користи прилошките определби во реченица;<br><br>-препознава искази изразени со проста и со сложена реченица;<br><br>-опише место, простор, лик;<br>-раскаже случка од училишниот живот;<br>- со свои зборови да интерпретира содржина на слушнат или на прочитан текст; |

| 2. | **Зборување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Читање | | | |
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- разбира прочитани текстови со содржина поврзана со тематско-комуникациските целини;<br><br>-чита со разбирање препознавајќи важни информации во текст; | **Содржини и поими:**<br><br>Јас и другите –обврски и задолженија; изразување радост и тага;<br><br>Моето семејствослободно време: работно време; вербализации на ситуации од секојдневниот семеен живот; оброци и прибор за јадење;<br><br>Природата околу мене –растителен и животински свет;<br><br>Училиштен живот- наставни предмети, распоред на часови, слободни активности, омилени спортови;<br><br>Град/село -општина, театар, музеј, фабрика, трговски центар, продавници;<br><br>Култура и историја-знаменитости во РСМ и природни убавини.<br><br>Патувања и занимливости-аеродром, воз, меѓуградски автобус, возен ред; музика, театар, филм.<br><br>Текстови за читање со едноставна, јасна и интересна содржина, преземени од различни функционални стилови. | **Активности:**<br>Вежби со куси текстови дополнети со илустрации.<br>Насочувачки прашања за разбирање на содржината односно на новите зборови во текстот.<br>Вежби за читање и препознавање на видот на текстот.<br><br>Вежби за поврзување зборови, зборовни состави и реченици со содржината на делови од даден текст.<br>Вежби со читање мени, мапа, плакат, постер и слично.<br>Вежби за изведување и формулирање клучна мисла на содржински делови од текст или на цел текст од страна на учениците.<br>Вежби за составување прашања за делови од текст или за цел текст од страна на учениците.<br>Вежби за подредување реченици во параграф/ или редење на параграфи во текст.<br>**Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-издвојува непознати зборови во текст;<br>-прашува за текстот и одговара на поставени прашања за текстот;<br>- да пронајде определена информација;<br>-правилно чита и коментира за прочитаното, самостојно и според насочувачки прашања;<br>- чита гласно со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција. |

| 2. | **Зборување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Текстови од македонски автори соодветни на возраста на учениците и на предвидените тематско – комуникациски целини и единици | | |

| 4. | **Пишување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-пишува краток текст употребувајќи зборови и фрази граматички и семантички точни.<br><br>-изведува заклучоци од текстови и јасно ги (за)пишува. | **Содржини и поими**<br><br>Пишување кратки текстови со своите дневни обрвски и задолженија<br><br>Пишување опис на природата, животински и растителен свет<br><br>Раскажување прочитан текст.<br><br>Пишување со голема почетна буква на првиот збор (институции, објекти, административни единици)<br>Пишување со голема буква на заменски форми и титули без име во писмено обраќање<br>Пишување на албански и турски имиња со македонска транскрипција<br>Обележување на директен и индиректен говор | **Активности и методи**<br><br>Вежби за пишување на описи на опкружувањето, домот, собата, училницата, природата.<br>Вежби за обраќање до училиште, општина, пополнување на формулар и слично.<br>Вежби за директен и индиректен говор.<br>Забелешка: Во рамките на увежбувањето на оваа вештина се потенцира значењето на користењето на правописните правила.<br><br>**Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br><br>-напише краток текст според поставени насоки или прашања;<br>- раскажува точно користејќи ги личноглаголските форми за сите лица во сегашно, идно и минато определено свршено и несвршено време;<br>-опишува користејќи именски зборови во точна форма според нивните граматички категории;<br>-правилно ги транскрибира имињата |

| 4. | **Пишување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Две писмени работи | | од неговиот мајчин јазик. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците се следи постојано и се врши континуирано во текот на наставата. За напредувањето учениците се известуваат тековно со цел секогаш да бидат информирани за своите постигања и да ја имаат предвид реалната состојба. Истото претставува обид да се стимулираат за понатамошно продлабочување на знаењата. Согласно спецификите на програмата по предметот македонски јазик за заедниците, оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма при што комуникативната компонента ќе биде особено истакната. Формите за усна проверка на знаењата се состојат од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања и водење кратки дијалози.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита вежби во совладување на читањето со разбирање, толкување на прочитаното и усвојување на граматички структури.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината. |
| **Литература и други извори** | Учебник одобрен од министер за образование и наука (сликовница со прирачник за наставникот за реализација на програмските активности, дел за почетно читање и пишување на печатни и ракописни букви), интерактивнатабла, Интернет (образовнисофтвери, веб-страници), мобилниапликации. |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието (БРО) |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | бр. 12-11216/8<br>28.10.2019 година<br><br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. ArbërAdemi** |
| **Датум на ревизија** | |